Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/19) и член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19 и 114/20), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 25 јуни 2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Во Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/20) на Друштвото со ограничена одговорност ФУТУРЕ ЕНЕРЏИ ТРАЈДИНГ ЕНД ЕКСЧАЈНЏ ДИНАМИКС-Косово-Подружница ФУТУРЕ ЕНЕРЏИ ТРАЈДИНГ ЕНД ЕКСЧАЈНЏ ДИНАМИКС во Македонија, Тетово, во точката 1 зборовите “Друштвото со ограничена одговорност ФУТУРЕ ЕНЕРЏИ ТРАЈДИНГ ЕНД ЕКСЧАЈНЏ ДИНАМИКС-Косово-Подружница ФУТУРЕ ЕНЕРЏИ ТРАЈДИНГ ЕНД ЕКСЧАЈНЏ ДИНАМИКС во Македонија, Тетово” се заменуваат со зборовите “Друштвото со ограничена одговорност ФУТУРЕ ЕНЕРЏИ ТРАЈДИНГ ЕНД ЕКСЧАЈНЏ ДИНАМИКС-Косово-Подружница ФУТУРЕ ЕНЕРЏИ ТРАЈДИНГ ЕНД ЕКСЧАЈНЏ ДИНАМИКС во Македонија, Скопје”.
   Во Прилогот 1 точката 1, се менува и гласи:
   “Друштво со ограничена одговорност ФУТУРЕ ЕНЕРЏИ ТРАЈДИНГ ЕНД ЕКСЧАЈНЏ ДИНАМИКС-Косово-Подружница ФУТУРЕ ЕНЕРЏИ ТРАЈДИНГ ЕНД ЕКСЧАЈНЏ ДИНАМИКС во Македонија, Скопје, со седиште на ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр.54Б/кат 2, Скопје-Карпош, Република Северна Македонија.”

2. Измената од точка 1 на оваа одлука се врши по службена должност согласно известување за настанати промени во називот и седиштето на носителот на лиценца.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото со ограничена одговорност ФУТУРЕ ЕНЕРЏИ ТРАЈДИНГ ЕНД ЕКСЧАЈНЏ ДИНАМИКС-Косово-Подружница ФУТУРЕ ЕНЕРЏИ ТРАЈДИНГ ЕНД ЕКСЧАЈНЏ ДИНАМИКС во Македонија, Скопје, со седиште на ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр.54Б/кат 2, Скопје-Карпош (во натамошниот текст: Друштво), на 15 јуни 2020 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторната комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, поднесе Известување за настанати промени кај носител на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија, УП1 бр.12-122/20 од 15 јуни 2020 година (во понатамошниот текст: Известување). Известувањето се однесува на настанати промени во називот и седиштето на Друштвото.

Називот на Друштвото се менува од “Друштвото со ограничена одговорност ФУТУРЕ ЕНЕРЏИ ТРАЈДИНГ ЕНД ЕКСЧАЈНЏ ДИНАМИКС-Косово-Подружница ФУТУРЕ ЕНЕРЏИ ТРАЈДИНГ ЕНД ЕКСЧАЈНЏ ДИНАМИКС во Македонија, Тетово” во “Друштвото со ограничена одговорност ФУТУРЕ ЕНЕРЏИ ТРАЈДИНГ ЕНД ЕКСЧАЈНЏ ДИНАМИКС-Косово-Подружница ФУТУРЕ ЕНЕРЏИ ТРАЈДИНГ ЕНД ЕКСЧАЈНЏ ДИНАМИКС во Македонија, Скопје”.

Седиштето на Друштвото се менува од “ул. Маршал Тито бр. блок 54/лам.13 Тетово” во “ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр.54Б/кат 2, Скопје-Карпош”.

Регулаторната комисија за енергетика, согласно член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци по службена должност врши промени на лиценцата, бидејќи Друштвото изврши промена на називот и седиштето.

Регулаторната комисија за енергетика на 25 јуни 2020 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* и член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за изменување на Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија на Друштвото со ограничена одговорност ФУТУРЕ ЕНЕРЏИ ТРАЈДИНГ ЕНД ЕКСЧАЈНЏ ДИНАМИКС-Косово-Подружница ФУТУРЕ ЕНЕРЏИ ТРАЈДИНГ ЕНД ЕКСЧАЈНЏ ДИНАМИКС во Македонија, Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

**УП1 бр. 12-122/20**
**25 јуни 2020 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**